# 11 септември е



Мимоза Петревска



*Годинава учествуваше и на изложбата во Париз посветена на настаните на 11 септември?*

- На изложбата имаше уметници од разни националности, претежно сликари. Ми беше предизвик, затоа што е многу чудно да се учествува на покана од Американец. Во тоа време бев во ателјеата на Министерството за култура - Ците Дес Арт. Изложбата требаше да го прикаже нашиот поглед на настаните од 11 септември.

▼ *Што наслика за оваа изложба?*

▲ Каин и Авел. Тоа, всушност, се две слики- на едната е претставен Каин, а на другата Авел.

▼ *Која е врската меѓу Каин и Авел и тоа што се случи на 11 септември?*

▼ Врската е директна. На едната слика е прикажан Каин, а до него Авел веќе мртов. На оваа слика Каин е сосема деприимиран и се чувствува празно... околу него е пустина. Тоа е празнината на убиството по нападот. Авел го насликав веќе мртов, но неговата крв бара одмазда. Се обидов да прикажам како повикот за одмазда е исто толку мрачен и крвав, како и самиот напад. Тоа е мојот став кон тој настан.

▼ *Припаѓаш на релативно млада генерација сликари, но, сепак, го одбра класичниот сликарски израз. Дали си експериментирала со други медиуми?*

▲ Да, прилично. Дипломирав во класата на професор Симон Шемов, кој важи за човек што на своите студенти им дава голема

УМЕТНОСТА Е ФОРМА НА КАТАРЗА

# приказна за Каин и за Авел

*И покрај тоа што припаѓа на помлада генерација сликари, Маја Чартовска се определи за класичен ликовен израз во чиј фокус се урбаните мотиви и луѓето. Своите дела често ги создава надвор, на улица, бидејќи, како што вели самата, сака да го фати духот на атмосферата и пулсот на движењето. Се чини, приказната за сликарот со штафелај под отворено небо сè уште не е само мит... Деновиве Чартовска изложува во куќата на Уранија во Охрид...*

слобода и инсистира на тоа да се проба сè. Во текот на студиите имав допир со сите можни нови правци. Сепак, сметам дека тие не се многу поефикасни во изразувањето. Целта ми е да допрам до публиката, до што поширок круг луѓе. Ми се чини дека фигуративното сликарство не е исцрпено како порака.

▼ *Во кој правец би го сместила своето сликарство?*

▲ Ова е тешко прашање. Воопшто не би го сместувала во некој правец, бидејќи тоа е ограничувачки. Сликите што ги работев за кулите Близначки беше прв случај да се обидам да пренесам нешто такво преку своите слики - со директна порака, која беше асоцијација на еден библиски мотив. Многу ми беше интересно и мислам дека повторно ќе се обидам да работам нешто такво.

▼ *Во центарот на твоите слики, главно, се урбани мотиви или човечки фигури, додека природата е накаде во заднината...*

▲ Тоа ми е најблиско и тоа е тоа што го живеам. Се обидував да го откријам тоа што го чувствувам околу мене, да си ги преиспитам сетилата, моите перцептивни способности. Затоа се насочив кон сликарство.

▼ *Во твоите дела се чувствува ракурсот на еден спокоен набљудувач... дури како да се провлекува една жичка на меланхолија... Дали сликата доаѓа однатре или, едноставно, ја препознаваш, наоѓаш во некои слики во реалноста?*

▲ Најнапред чувството е тоа што нè гони да одиме на некои места, да забележуваме некои работи повеќе отколку некои други. Кога сум добро расположена, од светот околу мене ќе ги примам точно тие работи што му одговараат на моето расположение. Така на сликата се познава расположението на сликарот.

▼ *Често сликаш човечки фигури, портрети. Што треба да има една личност за да те мотивира да ја насликаш? Дали се тоа луѓе што ги познаваш?*

▲ Некои ги познавам, некои не. Секој човек си има нешто посебно. Сепак, некои луѓе ми се поинтересни од некои други луѓе. Секогаш ме интересирала психологија и како функционираат луѓето воопшто. Ме интересираат нивните лични приказни, нивните лични светови, работите што им се допаѓаат или не им се допаѓаат, атмосферата, којашто ја зрачат околу себе. Сакам да им го пронајдам тоа што е посебно и тоа да го нагласам.

▼ *Во светот на сликарството како сè уште да владее еден тивок шовинизам и ставот дека жените не можат да бидат добри сликари.*

▲ Точно е дека сè уште владее таков став. Мислам дека тоа е неоправдано. Ова, веројатно, се должи на тоа што долго време во тој патријархален систем жените биле домаќинки. Тоа сè уште се чувствува, повеќе како став. Не знам... веројатно ќе треба да го докажеме спротивното.

▼ *Како ги работиш своите слики?*

- Директно надвор, на улица. Постојано правам скици, кои се основата на тоа што го работам и ми се многу важни. Исто така, сликам надвор.

> **В**рската меѓу 11 септември и Каин и Авел е директна. На едната слика е прикажан Каин, а до него Авел веќе мртов. На оваа слика Каин е сосема депримиран и се чувствува празно... околу него е пустина. Тоа е празнината на убиството по нападот. Авел го насликав веќе мртов, но неговата крв бара одмазда. Се обидов да прикажам како повикот за одмазда е исто толку мрачен и крвав, како и самиот напад. Тоа е мојот став кон тој настан.

▼ *Како реагираат луѓето кога ќе те видат со штафелај на улица?*

▲ Многу позитивно. На почетокот ми беше многу тешко и не знаев како ќе изгледа сето тоа. Но, се чини дека луѓето сакаат уметност.

▼ *Кој кај нас може да си дозволи да купи уметничка слика и дали ги селектираш луѓето на кои им ги продаваш своите слики?*

▲ Јас сакам луѓето да ги сакаат моите слики и тоа ми е многу поважно од тоа дали имаат пари или некаков статус. Не би сакала да ги продавам моите слики преку врски, на фирми... Никогаш не ми се допаѓало тоа. Сакам да имам личен контакт со купувачот на моите слики.

▼ *Меѓу твоите дела видов и една слика на која од птичја перспектива е насликан Јужниот булевар и околината. Зошто одбра да го сликаш токму овој мошне грд дел од градот?*

▲ Таа слика е работена од покривот на Нова Македонија. Сакав панорамски поглед на овој дел, којшто е грд само преку ден, а навечер не е. Интересно ми беше да ги фатам светлата. Тоа е навистина голема слика - 2 x 1,40 м.

▼ *Дали поголем дел од твоите платна се со големи димензии?*

▲ Експериментирам и со димензиите. Работам и минијатури од неколку сантиметри, но и многу големи платна.

▼ *Како ја обновуваш енергијата? Дали сликањето те троши?*

У М Е Т Н О С Т А Е Ф О Р М А Н А К А Т А Р З А